**Врз основа на членот 12 став 1 од Правилникот за доделување стипендии на талентирани ученици и ученици спортисти од општина Гази Баба (“Службен гласник на Општина Гази Баба“ број 9/2022), Комисијата за доделување стипендии на талентирани ученици и ученици спортисти од Општина Гази Баба, на 5 октомври 2022 година, распишува**

# ЈАВЕН ПОВИК
## за доделување стипендии на талентирани ученици и ученици спортисти од општина Гази Баба за учебната 2022/2023 година

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**(1)** Износот на стипендијата изнесува 3.000,00 денари месечно без пресметан персонален данок. Персоналниот данок на стипендијата го пресметува и плаќа општина Гази Баба.

**(2)** Стипендијата се исплаќа од први до петти во текот на месецот за претходниот месец, девет месеци непрекинато во текот на учебната година, почнувајќи од месец септември од тековната календарска година заклучно со месец мај од наредната календарска година.

**(3)** Во учебната 2022/2023 година Општина Гази Баба доделува 21 стипендии на талентирани ученици и 21 стипендии на ученици спортисти.

## II. УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ДОБИВАЊЕ СТИПЕНДИИ

**(1)** Право на стипендија може да остварат и повеќе ученици од едно семејство, доколку ги исполнуваат условите и критериумите утврдени со Правилникот.

**(2)** Доколку талентираниот ученик или ученикот спортист добие стипендија како талентиран ученик и ученик спортист, не може да добие финансиски средства од други јавни повици за стипендии за талентирани ученици и ученици спортисти на општина Гази Баба.

**(3)** Право на доделување стипендија на талентиран ученик и ученик спортист има секој редовен ученик кој ги исполнува следниве услови:

**(3.1)** да е запишан во општинско основно училиште на подрачјето на општина Гази Баба,

**(3.2)** да не прима друг кредит или стипендија од општина Гази Баба или од друг давател, и

**(3.3)** да има континуирано одличен успех.

**(4)** Право на доделување стипендија на ученик спортист, покрај условите од потточките (3.1) и (3.2) на овој член, треба да ги исполнува и следните дополнителни услови:

**(4.1)** да е член на здружение за спорт или индивидуален спортист, и

**(4.2)** да се бави активно со спорт.

**(5)** Со барањето за стипендија, талентираните ученици и учениците спортисти ги приложуваат следните документи:

**(5.1)** оригинал или копија од уверение за упис на тековната учебна година како редовен ученик,

**(5.2)** за сите полнолетни членови на семејството на ученикот да се достави потврда за висината на последната плата за вработените, за пензионерите последен чек од пензија, а за невработените лица потврда за невработенест од завод за вработување,

**(5.3)** нотарски заверена изјава за бројот на членовите на семејството и дека подносителот на барањето не прима стипендија или кредит од општина Гази Баба или од друг давател.

**(6)** Со барањето за стипендија, учениците спортисти ги приложуваат и следните документи:

**(6.1)** оригинал или копија од тековна состојба на здружението за спорт издадена од Централниот регистар во кој членува односно спортува, и

**(6.2)** потврда дека учен икот спортист членува во здружението за спорт.

## III. НАЧИН И РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

**(1)** Конкурсот трае 10 дена од денот на објавувањето на веб-страницата на Општина Гази Баба.

**(2)** Општина Гази Баба доделува стипендии на талентирани ученици и ученици спортисти по барање на еден од родителите или старателите.

**(3)** Барањата за стипендии на талентирани ученици и ученици спортисти се поднесуваат во архивата на општина Гази Баба секој работен ден од 8.00 до 16.00 часот.

**(4)** Барањата за стипендии на талентирани ученици и ученици спортисти се поднесуваат во затворен плик со назнака "Барање за стипендија за талентиран ученик" или "Барање за стипендија за ученик спортист", на кој пишува "Не отворај".

**(5)** Непотполни и неблаговремено пријави нема да се земаат во обзир.

## IV. НАЧИН НА ОДЛУЧУВАЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗБОР НА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ И УЧЕНИЦИ СПОРТИСТИ

**(1)** Комисијата пристигнатите барања ги разгледува во рок од 5 (пет) дена по завршувањето на Јавниот повик.

**(2)** Некомплетните и ненавремено доставени барања, Комисијата нема да ги разгледува и за тоа ги известува барателите.

**(3)** Во случај на ист број на бодови предност има ученикот кој имал освоено повеќе бодови од успехот (просек на оцените до втора децимала).

**(4)** Комисијата го задржува правото доколку има повеќе подносители на барање со ист број бодови, да побара и дополнителна документација.

**(5)** Комисијата во рок од 3 (три) дена по завршувањето на постапката за избор на стипендисти Одлуката ја објавува на веб-страницата на општина Гази Баба.

**(6)** Против одлуката на Комисијата, незадоволниот барател може да поднесе писмена жалба до градоначалникот на општина Гази Баба преку Комисијата во архивата на општина Гази Баба во рок од 5 (пет) дена од објавата на Одлуката на веб-страницата на општина Гази Баба.

**(7)** По жалба решава градоначалникот. Неговата одлука е конечна.

**(8)** По конечноста на сите жалбени постапки, Одлуката за доделување стипендии за талентирани ученици и ученици спортисти, ја потпишува градоначалникот на општина Гази Баба и се објавува на веб-страницата на општина Гази Баба.

**(9)** Во рок од 5 (пет) дена по објавата на Одлуката за доделување стипендии за талентирани ученици и ученици спортисти на веб-страницата на општина Гази Баба, градоначалникот на општина Гази Баба склучува договор за стипендирање, со еден од родителите или старателите на талентираниот ученик и ученикот спортист со кој се уредуваат правата и обврските на родителот односно старателот на стипендистот и општина Гази Баба.

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**